Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО СКЛУЧУВАЊЕ И РАЗВОД НА БРАК

# КАКО СЕ СКЛУЧУВА БРАК?

**Според нашето законодавство брак може да се склучи само меѓу еден маж и една жена. Двајцата мора да бидат полнолетни. Двајцата мора да сакаат да стапат во тој брак.**

За склучување на брак, мора да поднесете пријава до Управата за водење на матични книги (матично) во местото каде што живеете. Ќе треба да доставите документи што ќе потврдат дека вие лично го склучувате бракот (извод од матична книга на родени), дека не сте роднини (брат, сестра, братучеди, мајка, татко), дека не сте во друг брак во тој момент.

Бракот може да се склучи во просториите на Управата за водење на матични книги, но можете да се договорите и за друго место (во ресторанот, во други простории). Доколку се одлучите за оваа можност, ќе треба да платите дополнителен износ кој ќе ви го кажат вработените во Управата.

**Склучувањето на бракот пред Управата за водење на матичните книги е свечен чин.** Тоа значи дека во моментот на склучување на бракот **можете да имате гости** кои ќе бидат заедно со вас да го прославаат моментот. Бракот е склучен кога во книгата за водење на матични книги на венчани ќе се потпишете вие – лицата кои стапуваат во брак, матичарот и  двајца сведоци кои вие самите ги избирате.

Потоа, ќе добиете документ – **Извод од матична книга на венчани**. Тоа значи дека **бракот е склучен и запишан во матичните книги**.

## СО ПАРТНЕРОТ ЖИВЕЕМЕ ЗАЕДНО НЕКОЛКУ ГОДИНИ, НО НЕ СМЕ ВО БРАК. ДАЛИ ОВА Е СПРОТИВНО НА ЗАКОНОТ?

Ако заедно со партнерот сте одлучиле да живеете заедно без да стапите во брак, тоа е сосема во ред со законот.

Доколку живеете заедно една или повеќе години во вонбрачна заедница, вие имате исти права и обврски за взаемно издржување и сопственост на имотот кој сте го стекнале во таа заедница, како и лицата кои се во брак.

## СТАПИВМЕ ВО БРАК. ДАЛИ ЕДНИОТ ОД НАС ИМА ПОВЕЌЕ ПРАВА ОД ДРУГИОТ?

Брачните партнери се еднакви во бракот, односно имаат еднакви права и обврски. Овие права и обврски се однесуваат на носењето одлуки во домот, бројот на деца и нивното воспитување, стекнување на имот, право на работа, и слично.

## СЕ ВЕНЧАВ ВО СТРАНСТВО. ШТО ДА НАПРАВАМ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА БРАКОТ ТУКА?

Постапката за пријавување на брак склучен во странство се води пред Управата за водење на матични книги.

Потребни документи:

- Барање за запишување на бракот;
- Лична карта или пасош на увид;
- Изводот од матичната книга на венчаните склучен во странство, со превод на македонски јазик од овластен судски преведувач, или интернационален извод.

За постапката се плаќа административна такса од 50,00 денари

# КАКО ДА СЕ РАЗВЕДАМ?

Во зависност од тоа дали двајцата партнери сакаат да го разведат бракот, постапката за развод на брак може да се иницира со **Предлог за спогодбен развод на брак или со тужба за развод на брак**.

По иницирањето на постапката, судот, а доколку во бракот има малолетни деца, центарот за социјални работи, спроведува постапка за мирење, **освен кога не постојат услови за мирење**, утврдени со закон (на пример, во случај на семејно насилство)

Доколку во бракот има малолетни деца кои треба да се доделат на воспитување и чување на еден од родителите, во судската постапка се вклучува Центарот за социјални работи, кој дава свое мислење за тоа кому треба да бидат доделени децата.

Судската постапка завршува со **пресуда за развод на бракот, доделување на малолетните деца на чување и воспитување на едниот родител, и задолжување на другиот родител за плаќање на месечна издршка**.

## ШТО СЕ СЛУЧУВА СО ДЕЦАТА ПО РАЗВОДОТ?

По донесената пресуда за развод на бракот, децата остануваат на грижа, чување и воспитување кај родителот кој го утврдил Судот врз основа на наодот и мислењето на Центарот за социјални работи. Другиот родител има обврска да плаќа месечна издршка.

Децата имаат право да се гледаат и да имаат непречена комуникација со двајцата родители. Заради тоа Центарот за социјални работи изготвува Решение за уредување на средбите на децата со родителот со кој не живеат. Во зависност од договорот,овие средби можат да бидат неколку часови, неколку денови, викенд, празници, годишни одмори, и слично.

# КАКО ДА ГО ПОДЕЛИМЕ ИМОТОТ СТЕКНАТ ВО БРАК?

Поделбата на имотот стекнат во брак се врши откако ќе заврши судската постапка за развод. Ова е нова судска постапка, во која се одлучува исклучиво за работите кои се стекнати во бракот.

Битно е да се напомене дека не се делат само **подвижните и недвижните работи стекнати во брак**, туку и **долговите кои настанале во самата брачна заедница**. На пример, ако е земен кредит, истиот е обврска стекната во брак, и треба да се вклучи во масата за поделба.

Не се делат имотите кои партнерите ги имале пред склучување на бракот, имотот добиен од страна на едниот како наследство или подарок,и стварите стекнати во брак а исклучиво служат за задоволување на личните потреби на еден од брачните другари, доколку не претставуваат несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на вкупниот заеднички имот.

За точно спроведување на поделбата, потребно е да се направи процена на имотот, правата и обврските помеѓу двајцата партнери од страна на овластено вешто лице.

Правосилната судска пресуда понатаму претставува основ за упис на промените во имотните листови, сообраќајните дозволи, договорите за кредит, лизинг и слично.

## САКАМ ДА ПАТУВАМ ВО СТРАНСТВО СО ДЕЦАТА. КАКО ДА ДОБИЈАМ СОГЛАСНОСТ ОД ДРУГИОТ РОДИТЕЛ?

Доколку сакате да патувате самостојно со малолетно дете, без оглед дали сте во брак или не, и без оглед дали одите на неколку денови или на подолг период, потребна е согласност – полномошно од родителот кој не патува.

Доколку родителот одбива да даде таква согласност, имате право да побарате од Центарот за социјални работи да интервенира.

## ПОЧИНА МОЈОТ СОПРУГ СО КОГО БЕВ 20 ГОДИНИ ВО БРАК. ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВАМ ЗА ДА ГИ ИСПОЛНАМ ЗАКОНСКИТЕ ПРОЦЕДУРИ?

Првата задача за семејството по смртта на едно лице е да го пријави лицето за починато во Управата за водење на матични книги, во местото каде што лицето последно живеело. Ова пријавување може да го изврши брачниот партнер или децата, доколку се полнолетни.

Доколку вие не можете, можете да дадете полномошно на друго полнолетно лице за да го направи тоа наместо вас.

Пријавувањето се врши со пополнување на барање (кое го има на шалтерите во Управата), доставување на потврда за смртта (ја издава болницата), и извод од матична книга на родените на починатото лице.

Пријавувањето мора да се реализира во рок од 30 дена од настапувањето на смртта.

## ПОЧИНАТИОТ СОПРУГ ИМАШЕ ЕДЕН СТАН, АВТОМОБИЛ И МАЛА ЗАШТЕДА ВО БАНКА. КОМУ МУ ПРИПАЃААТ ОВИЕ СРЕДСТВА?

Имотот на починатото лице се наследува од неговите наследници – сопругот или сопругата, и неговите деца. Доколку лицето не било во брак или нема деца, имотот го наследуваат родителите и неговите браќа и сестри.

Во случај кога имотот го наследуваат сопругот-сопругата и децата, секој од овие лица има право на свој дел, и сите делови се еднакви. Ова важи и доколку наследниците се синови, и доколку наследниците се ќерки.

## КАКО ДА ЈА СПРОВЕДЕМЕ ПОСТАПКАТА ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ?

За да го извршите наследувањето, потребно е да поведете постапка за наследување (оставинска постапка).

Оваа постапка започнува со поднесување на барање за поведување на оставинска постапка до судот кој се наоѓа во местото каде што живеело лицето пред да почине.

Постапката може да ја поведе било кој наследник, но најдобро е доколку можете, на барањето да се потпишат сите наследници, бидејќи со тоа се исклучува можноста некој да биде заборавен.





Кон барањето треба да доставите и докази – изводи од матична книга на умрени, родени и венчани, и доказ за сопственост на стварите кои се наследуваат – стан (имотен лист), автомобил (сообраќајна дозвола), пари (штедна книшка и извод од банка).

Потоа, судот назначува нотар кој ќе ве повика во неговата канцеларија за да ја спроведете постапката.

Важно: Вие можете самите да го поднесете барањето за спроведување на оставинската постапка, но за постапката пред нотар мора да имате адвокат, за да ви го појаснува секој чекор од постапката и да внимава дека наследувањето се врши онака како што сте се договориле. Доколку немате парични средства, може да се обратите до канцелариите за бесплатна правна помош на Министерството за правда, невладините организации регистрирани за бесплатна правна помош или правните клиники, за да проверат дали ви следува бесплатен адвокат, и доколку ви следува, да ви помогнат со пополнување на барањето.

## МОЖАМ ЛИ ДА СЕ ОТКАЖАМ ОД НАСЛЕДСТВОТО?

**Секако.** Тоа е ваше право и кога нотарот ќе праша дали го прифаќате наследството, можете да кажете дека се откажувате од истото.

**Можете да се откажете од само дел од наследството (на пример, само од автомобилот), а да прифатите друг дел (на пример, дел од станот).**

Делот од кој ќе се откажете се дели на преостанатите наследници.

# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- ✔ Здруженија и правни клиники кои се овластени за давање на бесплатна правна помош
- ✔ Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- ✔ Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Берово | **071 205 324** |
| Битола | **071 223 392** |
| Македонски Брод | **071 223 075; 078 640 786** |
| Виница | **071 213 964** |
| Валандово | **071 213 925** |
| Гевгелија | **071 224 678; 071 216 267** |
| Гостивар | **071 223 180** |
| Дебар | **071 223 768** |
| Делчево | **071 283 948** |
| Демир Хисар | **075 766 695** |
| Кавадарци | **075 659 855** |
| Кичево | **071 224 652** |
| Кочани | **071 221 580** |
| Кратово | |
| Крива Паланка | **071 224 580** |
| Крушево | **071 227 808** |
| Куманово | **071 227 962** |

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Неготино | **071 223 191** |
| Охрид | **071 221 908** |
| Прилеп | **076 232 886** |
| Пробиштип | **078 330 434** |
| Радовиш | **070 261 310** |
| Ресен | **071 221 246** |
| Свети Николе | **071 227 862** |
| Струга | **071 223 015** |
| Струмица | **071 224 526** |
| Тетово | **071 227 893** |
| Велес | |
| Штип | **071 221 484; 070 821 089** |
| Карпош | **071221381** |
| Центар | **078 442 006** |
| Кисела Вода | **071 224 104** |
| Гази Баба | **071 213 798** |
| Чаир | |

ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА **БЕСПЛАТНА**
**ПРАВНА ПОМОШ**

**www.pravnapomos.mk**

Фотографии: freepik.com – © Сите права се задржани 2021

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Република Северна Македонија
Министерство за правда